# Извадок на дел од дневни настани 17.08..2023

На 16.08.2023 во 16.00 часот, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода Ќ.Г.(57) од с.Осој, кичевско. При претрес во неговиот дом во с.Осој, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени еден ловечки карабин „ЦЗ", една ловечка пушка, 67 куршуми различен калибар, направа за изработка на патрони, две кутии со метални кугли, 62 парчиња иницијални каписли, ќеса со метални сачми, ќеса со хартиени тапи и две ќеси со зрнеста материја. Лицето било задржано во полициска станица, а за настанот бил известен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.08.2023 во 16.00 часот на автобуска постојка на влез во с.Прдејци, гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица го лишиле од слобода М.Ѓ.(37) од с.Пакошево, општина Зелениково. Имено, околу 15.40 часот на регионалниот пат Прдејци – Смоквица, полициските службеници затекнале 24 лица мигранти. По извршен разговор со нив било констатирано дека М.Ѓ. ги превезувал со возило комбе „форд транзит" со гевгелиски регистарски ознаки, со кое запрел на наплатната рампа Смоквица и побегнал. По преземени мерки возилото било пронајдено и во негова близина биле затекнати седум лица мигранти, по што бил пронајден и возачот М.Ѓ.. Лицето било задржано во полициска станица, а мигрантите биле привремено сместени во прифатно – транзитен центар во Гевгелија. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.08.2023 во 23.35 часот на подрачје на Ѓорче Петров, полициски службеници го лишиле од слобода А.К.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.08.2023 околу 17.00 часот и во 18.20 часот, по преземени мерки и активности, во близина на с.Плетвар и во с.Ропотово, прилепско, полициски службеници од ОВР Прилеп и Полициското одделение Ропотово пронашле осум кубни метри бесправно исечено огревно дрво. Дрвото било предадено на Јавното претпријатие „Национални шуми" за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на вчерашниот ден (16.08.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 215 возачи. Од нив 11 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 87 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 128 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (16.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 154 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 17 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, 18 санкции за технички неисправни возила во јавниот превоз. Изречени се 10 мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири мерки за нерегистрирани возила...

Во текот на вчерашниот ден (16.08.2023), во периодот од 09.00 до 14.00 часот, спроведена е акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци на возила со кои се врши јавен превоз на патници. При контролата санкционирани се 54 прекршоци, од кои 16 поради неисправен уред за запирање... Упатени на вонреден технички преглед биле 177 автобуси и други возила кои вршат јавен превоз на патници. За време на контролата констатирани и законски санкционирани се и 173 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 16.08.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 13 прекршоци, од кои 9 надвор од населено место и 4 во населено место. Санкционирани биле и 26 други видови на прекршоци, од кои 8 за управување возило без возачка дозвола, 4 за нерегистрирано возило, 4 за технички неисправно возило, 3 за возач почетник, 2 за некористење сигурносен појас, 1 за некористење заштитна кацига, 3 за непрописно паркирање и 1 за непрописно вградени фолии.

На 16.08.2023 во периодот од 09.00 до 14.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово била спроведена акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници, пред се автобуси, такси комбиња и други возила. При контролата биле откриени и санкционирани 6 возила (ТЕ-5 и ГВ-1) со неисправни сопирачки, 1 (ГВ) возило со неисправни други уреди и 1 (ГВ) возило со неизвршен технички преглед. Неисправните возила веднаш се исклучени од сообраќај и на лицата кои ги управувале изготвени им се законски предвидените поднесоци.

На 16.08.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Христијан Тодоровски Карпош" во Скопје, патничко возило „фиат" со скопски регистарски ознаки, управувано од У.И.(62) од Скопје, удрило во малолетен пешак од Скопје. По несреќата малолетникот бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 16.08.2023 во 15.45 часот во СВР Охрид било пријавено дека на ул.„Марко Несторовски" во Охрид, Г.Н.(49) од Охрид, управувајќи мопед „сим" со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и со мопедот паднал на коловозот. Со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Специјална болница „Св. Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Охрид.

На 16.08.2023 во 08.50 часот во Полициската станица Центар, П.Б.(75) од Скопје пријавил дека на ул.„Цицо Поповиќ" бил каснат од куче скитник.

На 16.08.2023 во 14.15 часот во Полициската станица Гази Баба, С.А.(65) од Скопје пријавил дека на ул.„Беласица" бил каснат од куче скитник.

На 16.08.2023 во 17.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.Ј.(48) од Скопје пријавил дека на ул.„Никола Островски" бил каснат од куче скитник.

Единицата за сериозен криминал и кривични дела против културно наследство при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал денеска (17.08.2023), по издадени наредби за претрес од страна на Судија на претходна постапка, изврши претреси на две локации во Скопје, при што се приведени А.И.(26) и С.С.(32) од Скопје. При претресите, во домот на А.И. пронајдени се и одземени една автоматска пушка со оптички уред, рамка за автоматска пушка со 28 куршуми во неа, девет електронски уреди со магнет, три дигитални камери, два електронски уреди, две ќеси со растителна материја.Додека во домот на С.С. пронајдени се и одземени една автоматска пушка со една рамка со куршуми, еден автоматски пиштол со една рамка со куршуми, еден пригушувач, една кутија со 32 куршуми 7,62мм, нож, една ќеса со бела прашкаста материја. Во координација со јавен обвинител од ОЈО Скопје против лицата ќе бидат поднесени соодветно кривични пријави.

Денеска (17.08.2023) во 12.30 часот на ул.„Ѓорче Петров" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје, Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје и Одделението за криминалистички работи при ЕВР Ѓорче Петров го лишиле од слобода О.Е.(26) од село Крушопек, скопско. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од шест години за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" по член 215 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено – поправна установа за издржување на казната.

На 16.08.2023 во 20.30 часот во Вевчани, полициски службеници од полициското одделение во струшкото село Велешта го лишиле од слобода П.П.(67) од Вевчани. Тој се сомничи дека околу 18.00 часот со воздушна пушка пукал кон кучиња домашни миленици, сопственост на Г.М. од Вевчани, кои на улица биле во придружба на сопственикот. Пушката била одземена, а по целосно документирање на настанот, против П.П. ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против К.С.(63) од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „фалсификување или уништување деловни книги" и „несовесно работење во службата". Тој, од 2020 година, во својство на службено лице-вработен во Националнио парк „Галичица", не изготвувал или уништувал записници за сеча на дрвна маса во месноста „Јадера", атар на селото Трпејца, вршел наплата на дрвна маса во готово и на граѓани им изготвувал фалсификувана документација.

На 16.08.2023 околу 17.00 часот во с.Малино маало на подрачје на Полициската станица за граничен надзор Танушевци, полициски службеници при Регионалниот центар за гранични работи Север пронашле 12 кубни метри нелегално исечени огревни дрва. Притоа било утврдено дека тие припаѓаат на Ф.А.(66) од Сингелиќ, скопско, а по извршени проверки било констатирано дека целосната количина на дрвата не е покриена со документација, па биле пренесени во складиштето на Подрачното шумско стопанство Караџица во Драчево. По целосно документирање на случајот против Ф.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Љ.Т.(65) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење" и „узурпација на недвижности". Тој, на катастарски имот во Охрид, во државна сопственост, без соодветно одобрение од надлежен државен орган, извршил доградба на деловен простор.

На 16.08.2023 во 10.20 часот во Полициската станица Драчево, вработен во Железничка станица Драчево пријавил дека на покрив на еден вагон, машко лице мигрант се здобило со повреди при струен удар. Лицето било пренесено во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" каде му била укажана лекарска помош и биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот бил известен јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

Во текот на изминатата вечер (16/17.08.2023), во периодот од 20.00-02.00 часот, на подрачјето на Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се осум возачи. За време на контролата биле санкционирани и седум други видови прекршоци.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.К.(56) од Прилеп, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Тој, на објава на еден портал на социјалната мрежа Фејсбук, напишал коментар со недолична содржина со кој ширел говор на омраза.

На 17.08.2023 во 03.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во неговиот дом бил пронајден починат С.А.(56) од Скопје. Смрт без видливи траги на насилство констатирал лекар од Итна медицинска помош, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 17.08.2023 во 05.42 часот во СВР Велес, Н.Д. од Велес пријавил дека на место викано „Рамнина" настанал пожар во возило комбе „фолксваген" со скопски регистарски ознаки, сопственост на неговиот брат Т.Р.. Пожарот бил изгаснат од страна на пријавителот, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 16.08.2023 во СВР Тетово, Д.Б.(19) од Тетово, пријавил дека на улица „Вукашин Симовски" во Тетово бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Ш.(26) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". На почетокот на мај 2023 година, пријавениот на социјалната мрежа Инстаграм креирал лажен профил од кој испраќал фотографии од девојка од Тетово на друго лице.

На 15.08.2032 во 22.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Ѓ.У.(42) од Скопје пријавил дека околу 18.15 часот, во близина на угостителски објект на подрачје на Шуто Оризари, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Е.Б.(42), А.Б.(23) и Б.Б.(19), сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.К.(62) од с.Велмеј, охридско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Пријавениот, како самостоен референт матичар во Управата за водење на матични книги Подрачно одделение – Охрид, на 24.03.2020 на непознати лица издал документ „уверение за слободна брачна состојба" на име Д.Ј.(74), со што им нанел штета при оставинска постапка на синот и ќерката на покојниот Д.Ј. и им оневозможил да си ги остварат своите права.

На 16.08.2023 во 21.30 часот во Полициската станица Центар, Г.Т.(27) од Скопје пријавил дека во 21.00 часот пред угостителски објект на подрачје на Центар бил физички нападнат од Ф.П.(46) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.С.(47) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Во периодот од 2022 година досега, во својство на директор на ЈУЦК „Григор Прличев", без одлука на управниот одбор на установата, без уредна покана и спротивно на Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство на органите на управата, во повеќе наврати за приватни потреби патувал надвор од РСМ, со што нанел штета на установата во износ од 104.200 денари.

На 16.08.2023 во 19.30 часот во Полициското одделение Арачиново, О.Б.(75), А.Б.(70), И.Б.(67), сите од с.Арачиново, скопско, пријавиле дека на 12.08.2023 во 18.30 часот во с.Арачиново, по претходно недоразбирање околу имотно - правни односи, биле физички нападнати од С.Б. и М.Б., кои употребиле и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.М.(43) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 12.04.2023 на ул.„Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило управувано од пријавениот, при што констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува дозвола од надлежен орган.

На 16.08.2023 во 13.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Н.Ѓ.(30) од Скопје пријавил дека во 13.05 часот на подрачје на Гази Баба, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.08.2023 околу 01.00 часот во СВР Тетово, С.С(46) од Тетово пријавила дека заталкано зрно паднало на покривот од нејзината куќа на улица „Фуштанска" во Тетово. Нема повредени лица, а увид извршила екипа од СВР Тетово.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против А.Ф.(34) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дел „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.03.2022 во Струмица, полициски службеници извршиле претрес на лице од Струмица, при што пронашле и одзеле марихуана за која било констатирано дека ја набавил од пријавениот. Подоцна, бил извршен и претрес во домот на пријавениот, каде што, исто така, била пронајдена и одземена марихуана.

На 16.08.2023 во 12.30 часот, В.П.(56) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улицата „Мирко Милески" во Кичево била касната од куче скитник.

На 17.08.2023 во 11.35 часот во Полициска станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца се оддалечил нивниот штитеник К.П.(16) од Скопје, кој и претходно се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 17.08.2023 во Ресен во времето од 00.00 часот до 01.00 часот од страна на полициски службеници од Полициската станица Ресен постапено е по оперативниот план „Безбедно лето 2023" при што е извршена контрола на 10 угостителски објекти при што затекнати се пет малолетници после полноќ. Малолетниците се предадени на родителите ,а по документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет